Македонска академија на науките и уметностите
Бул. Крсте Мисирков 2, Скопје, Република Македонија
Тел.: + 389 2 3235-600; Факс: + 389 2 3235-500
e-mail: manu@manu.edu.mk

# СТАВОВИ НА ПРЕТСЕДАТЕЛСТВОТО НА МАНУ ЗА ПРЕДЛОГОТ ЗА РЕШАВАЊЕ НА РАЗЛИКИТЕ ОКОЛУ УПОТРЕБАТА НА ИМЕТО НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Претседателството на МАНУ, во проширен состав со поранешните претседатели на МАНУ, по добивањето на Предлогот на посредникот Нимиц од 25 март 2008 година за разрешување на недоразбирањата со Република Грција околу употребата на името на Република Македонија, на седницата одржана на 28 март 2008 година ги усвои следниве ставови:

1. Претседателството го разгледа овој Предлог, во контекст на определбите на МАНУ за одбраната на уставното име на Република Македонија и на македонскиот национален идентитет, содржани и во *ПРОМЕМОРИЈАТА* на Македонската академија на науките и уметностите во врска со спорот за името на Република Македонија.

2. Според оценката на Претседателството, *Предлогот претставува прифатлива основа за постигнување согласност со Република Грција, затоа што го поддржува уставното име на Република Македонија и ја афирмира македонската национална самобитност.*

Предлогот содржи решенија кои претставуваат отстапки од наша страна, мотивирани со волјата за компромис, но истовремено не ја преминува граничната точка од којашто не може да отстапи македонската преговарачка позиција.

Прифаќањето на овој Предлог не налага промени на Уставот на Република Македонија за уставното име на државата и на македонскиот национален идентитет.

3. Претседателството на МАНУ го поддржува, како единствено прифатлив, предлогот уставното име на Република Македонија да се користи за внатрешни потреби, како и во билатералните односи со државите кои ја признале Република Македонија под нејзиното уставно име. Тој ѝ дава реална и правична смисла на целината на овој Предлог.

4. Претседателството посебно ја истакнува важноста на точката од овој Предлог, во којашто е содржана определбата за слободно и неексклузивно користење на атрибутот „македонски”, подразбирајќи под тоа, негово користење во национална, етничка, јазична, културна и друга смисла.

Поради тоа, формулацијата “во согласност со прифатената меѓународна правна и комерцијална практика” треба да се изостави од текстот, за да се избегнат разни произволни толкуваwа и двосмислености. Негова основа е меѓународно признатото природно право на национално, етничко, јазично и друго самоопределување, така што неговото неприфаќање од другата договорна страна би претставувало отсуство на волја за надминување на долгогодишниот спор помеѓу двете држави.

5. Претседателството смета дека новопредложеното меѓународно име „Република Македонија (Скопје)”, за меѓународна службена употреба, не е негација на уставното име на Република Македонија. Со прифаќањето на ова меѓународно име, ќе се надмине апсурдностa на досегашната привремена референца (ПЈРМ). Отфрлањето на овој предлог може да има крајно негативни консеквенции за Република Македонија, како по однос на натамошното опстојување на привремената референца, така и по однос на одлагањето на приемот на нашата држава во НАТО и ЕУ.

Имајќи ја предвид востановената меѓународна практика, државите да го употребуваат своето скратено име, Претседателството на МАНУ искажува извесна загриженост што овој Предлог ја ограничува самостојната употреба на името Македонија како име на државата.

6. Претседателството смета дека Република Македонија треба да ги продолжи преговорите со Република Грција пред Самитот на НАТО на 3 април 2008 година и ги поттикнува надлежните државни органи да постигнат единство во градењето на преговарачките ставови. Тие ставови треба подеднакво да го уважуваат интересот за зачувување на уставното име на Република Македонија и македонскиот национален идентитет и интересот за што побрзо зачленување на државата во НАТО и ЕУ.

7. Со оглед на тоа дека Предлогот претставува прифатлива основа за постигнуваwе согласност, склучување спогодба и нејзино вградување во Резолуција на Советот за безбедност на ОН за прашањето на името, Претседателството цени дека надлежните органи треба што побрзо да ги усогласат ставовите на нашата преговарачка страна и со нив да го запознаат медијаторот на овие преговори, господинот Нимиц.